Подготвил:
**Александар КЕЛТАНОСКИ**



## "Samsung" специјализиран за DIVX

Новиот Samsung Ultra Video F500 е првиот телефон способен да произведува видео во Divx формат, а освен тоа поддржува и MPEG-4, H.264, WMV и AVI т.е. практично сите распространети видеоформати. Слободно може да се нарече "експерт" за видео. Дисплејот му е 2,4-инчен. За подобро да се гледа клавијатурата може да се врти и да се постави во одредена положба за да може да стои на маса и да се гледа видео, при што нема потреба да се држи в рака. Дизајнот на F 500 му е уникатен, на едната страна на ротирачката клавијатура има навигациони копчиња за контрола на медијаплеерот. На другата страна треба да има бројчана клавијатура, но неа сè уште никој не ја видел. Во телефонот, исто така, има и 2 Mp камера, Bluetooth, 400MB вградена меморија и слот за microSD картичка (до 2GB). Овој телефон ќе биде во продажба во првиот квартал од 2007 година.

## NEC N6206 МОБИЛЕН ОД СЛЕДНАТА ГЕНЕРАЦИЈА

На саемот во Хонгконг "ITU Telecom World 2006", компанијата "NEC" претстави телефон од следната генерација N6206. Тој нема класична тастатура, односно таа е заменета со 2,2 инчен сензорен дисплеј (QVGA), со поддршка на 260.000 бои. Дебелината на апаратот изнесува 12,8 мм. Моделот е способен да препознае ракописен текст. Според претставниците на компанијата "NEC" , телефонот може да работи до 150 минути разговор или 150 часа во режим на одморање. Не се соопштени подетални информации за неговите карактеристики, како и за датумот кога овој модел ќе почне да се продава.







Професор Ванче Стојчев е автор на книгата **"Воена историја на Македонија"**, на англиски јазик "Military history of Macedonia". Оваа книга има 777 страници, поделена е на два дела од кои првиот е текстуален, а во вториот има воени карти (136 карти и мали во боја). Во првиот дел, две глави му се посветени на античкиот период, две на средновековна Македонија, а 8 за периодот на создавањето на Османлиската империја на македонски простори сè до 1948 година кога завршува Граѓанската војна во Грција.




Воената историја на Македонија се одвивала речиси на секој дел на територијата на Македонија, односно на неа војувале речиси сите соседни држави, дури и војските на големите сили. Книгата е збогатена и со индекси на лични, околу 2.170 и 1.850 географски поими, речник на помалку познати поими од воената терминологија, како и турцизми.

Цена: 3.200 денари + ПТТ трошоци
Европа: 52 евра +10 евра ПТТ трошоци
САД: 62 долара + 28 долари ПТТ трошоци




Книгата **"Превенција од злоупотреба на дрогата"** од д-р Стефан Буџакоски, на илустративен и уверлив начин покажува дека злоупотребата на дрогата е најтешкото, најопасното и најсложеното зло. Преку обработката на нарко криминалитетот, чии носители се професионални деликвенти, јасно се изразени сите карактеристики на злоупотребата на дрогата.
Во делото авторот ги вградил своите долгогодишни сознанија и полициски искуства, при што дава репрезентативна слика базирана врз научно-истражувачката работа, која е рефлексија на современата криминалистичка мисла и практика.

Цена: 400 денари + ПТТ трошоци
Европа: 7 евра +5 евра ПТТ трошоци
САД: 8 долари + 10,5 долари ПТТ трошоци

Овие книги можат да се порачаат во Редакцијата "Македонско сонце" на тел: ++389 2 3130 137 и факс: ++389 2 3130 377 или на адреса: ул. "Ленинова" бр. 87 1000 Скопје